***Р Е Ф Е Р А Т***

***ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТА МАРКЕТИНГ И ФИНАНСИИ НА ПВУ-ВСШ ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА- СКОПЈЕ***

Со Одлука донесена на Наставнички совет на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија Скопје, на седница одржана на ден 12.08.2013 година, определени сме за членови на Рецензиона комисија за избор на еден предавач во областа на Маркетинг и Финансии на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија Скопје.

Јавниот конкурс за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија" од 12.07.2013 год. и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, м-р Мартин Киселички, магистер на економски науки.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставничкиот совет на ФБЕ да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

М-р Мартин Киселички е роден во 1989-та година во Скопје. Дипломира на Економскиот факултет во Скопје во 2011-та година со просек од 8,2 и запишува магистерски студии по Е-бизнис Менаџмент во истата година. Магистерските студии ги завршува во 2012-та година со просек 9,9 и магистрира со неговиот труд „Примена на компјутерски облак во малите претпријатија преку анализа на случајот Тригер Компјутерии Д.О.О.", со што се стекнува со звање Магистер по Е-бизнис Менаџмент.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во 2012-та година започнува со работа на договор на дело како научен соработник на Економскиот Факултет – Скопје, а во меѓувреме работи на неколку проекти за промоција на претприемачки бизниси преку социјалните мрежи.

Киселички е ко-автор на трудот „Analyzing the effects of Cloud Computing implementation in SMEs in Macedonia", со кој учествува на 32-та меѓународна конференција за Organizational Science and Development во Порторож, Словенија. Трудот е напишан во ко-авторство со проф. д-р. Сашо Јосимовски, проф. д-р. Лидија Пулевска и проф. д-р. Калина Тренева Благоева.

Во 2013-та година напишал е-книга насловена „Маркетинг преку социјални мрежи".

Во јуни 2013-та година одржал обука на тема „Маркетинг преку социјални мрежи" при Фондацијата НОВО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА БИЗНИС Скопје.

Во периодот мај-септември 2013 година, м-р Мартин Киселички се вклучува во промотивните активности на ФБЕ, ИБЕ и НБЕ преку социјалните мрежи, на волонтерска основа. Период во кој дојде до израз неговата спремност за тимска соработка, иницијативност за истражувачки пристап во разните маркетинг активности и пријатен карактер.

Доколку ги квантифицираме вредностите на м-р Мартин Киселички, согласно одредбите на постојните позитивни прописи во доменот на високото образование и научно-истражувачката дејност, и актите на ФБЕ би можеле да ги определиме следните поени: (НО)10 + (НИ)5+ (САОР)10= 25 поени, што согласно интерните акти се сосема доволни за започнување на кариерата на предавачи на ФБЕ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид претходно наведените податоци, рецензентската комисија заклучи дека кандидатот м-р Мартин Киселички има потенцијал за научно-истражувачка работа, поседува почетно искуство во високообразовната дејност, како и афинитети за наставно-образовни и истражувачки активности. Оттука може да оцениме дека м-р Мартин Киселички ги задоволува законски предвидените, како и интерните критериуми за да биде избран во звање предавач за реализација на наставно-образовните и научно-истражувачки активности што се реализираат на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија во областа на Маркетинг и Финансии.

Затоа на Наставничкиот совет на ФБЕ му предлагаме да го избере м-р Мартин Киселички во звањето предавач во областа на Маркетинг и Финансии.

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Весна Стојанова, ред. професор______________________
2. Д-р Жанина Кировска, виш предавач______________________
3. Д-р Слаѓана Стојановска, виш предавач______________________